**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6.11.2002 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 53-та седница на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на 10-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската конвенција за државјанство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на Законот е разгледан на 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на 11-та точка од дневниот ред - Предлог за доне-сување на закон за ратификација на Протоколот на Мадридскиот договор за Меѓународна регистрација на жиговите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на Законот е разгледан на 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на 12-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Стразбуршкиот договор за меѓународна класификација на патентите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на Законот е разгледан на 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на 25-та точка од дневниот ред - предлози за разрешување на судии на Основниот суд во Кавадарци.

Предлозите за разрешување на судии на Основниот суд во Кавадарци се разгледани на 93-та седница на Собранието на Република Македонија

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 53-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 11,45 часот).